ЗЕМЈОДЕЛСКИ КОМБИНАТ
"ПЕЛАГОНИЈА"
АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО
БР. 02-6112
20.01 2020 ГОД
БИТОЛА

Врз основа на член 390 став 10 од Законот за трговските друштва и член 116 став 10 од Статутот на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА акционерско друштво – Битола – Пречистен текст -,

**ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ КОМБИНАТ ПЕЛАГОНИЈА**
**акционерско друштво Битола**

**О Б Ј А В У В А**
**РЕВИДИРАН ДНЕВЕН РЕД**
**ЗА СВИКАНО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

Собранието на акционери на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА акционерско друштво – Битола ќе се одржи на ден **13.02.2020 година (четврток), со почеток во 12,00 часот во просториите на Друштвото во Новаци (Новачки пат).**

За работа на седницата на Собранието се предлага следниот

**РЕВИДИРАН**
**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

**I. ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ**

**1.** Отворање на Собранието на акционери
**2.** Констатирање кворум за работа на Собранието на акционери
**3.** Избор на работни тела
**3.1**.Избор на претседавач на Собранието на акционери
**3.2.** Избор на два бројачи на гласови

**II. РАБОТЕН ДЕЛ**

**- Усвојување на Записникот од седницата на собранието на акционери на ЗК Пелагонија ад Битола одржана на ден 01.07.2019 година**.

**1. Донесување одлука за одобрување на голема зделка како зделка со заинтересирана страна - продажба на удел од страна на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола како продавач, кој претставува 100% од основната главнина на Трговското друштво за производство на електрична енергија ПЕЛАГОНИЈА ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Логоварди Битола и е со номинална вредност од 413.913.100,00 денари, на купувачот ТИОР ЕООД со седиште во Софија, Област Софија, Општина Столична, Реон р-н Изгрев. ж.к. – Фредерик Жолио Кири бр.2, бл.-, вх.-, ет.6, ап.9 со матичен број 205706730 - Република Бугарија, со**
- Предлог – одлука за усвојување.

**2. Донесување одлука за откуп на сопствени акции, со**
- Предлог – одлука за усвојување.

**3. Донесување одлука за констатирање престанок на членството и мандатот на член на Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА акционерско друштво – Битола, заради поднесена оставка, со**

- Предлог одлука за усвојување.

**4. Донесување одлука за избор на член на Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА акционерско друштво – Битола, со**
- Предлог одлука за усвојување.

Се повикуваат акционерите на ЗК "Пелагонија" АД Битола, односно нивни полномошници да присуствуваат и учествуваат во работата на собранието на акционери.

Право на учество и глас на собранието имаат акционери кои поседуваат акции со право на глас запишани во акционерската книга на ЗК "Пелагонија" АД – Битола што се води во ЦДХВ, односно нивни полномошници.

Пријавувањето за присуство на седницата на собранитое се врши со пријава за учество на собранието, која е достапна на интернет страницата на Друштвото www.zkpelagonija.mk а се поднесува најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното собрание.

Акционер може да овласти со полномошно друго лице како свој полномошник на седницата на собранието на Друштвото, коешто ќе учествува и ќе гласа на седницата на собранието во негово име. Акционерот треба веднаш писмено или електронски да го извести Друштвото за секое полномошно дадено во писмена форма. Податоците за начинот на известувања за полномошна и обрасците за гласање преку полномошник се достапни на интернет страницата на Друштвото www.zkpelagonija.mk. Акционерот кој нема да го извести Друштвото за даденото полномошно ќе се смета дека не го дал полномошното.

Полномошник кој примал полномошна од повеќе акционери должен е во рок од 5 (пет) работни дена пред одржувањето на Собранието на акционери, да ја извести Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија за намерата и причините за давањето плномошна од повеќе акционери (член 5 ставови 8 и 9 од Законот за пеземање на акционерските друштва). Пример на Известување до Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија достапен на интернет страницата на Друштвото www.zkpelagonija.mk.

Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките од дневниот ред на седницата на собранието на Друштвото.

Собранието ќе одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневен ред согласно Статутот на Друштвото и Законот за трговските друштва.

Записникот од седницата на собранието на Друштвото ќе го води нотар.

Материјалите со ревидираниот дневен ред со Барањето од акционерите ОРКА ХОЛДИНГ АД Скопје и Цветан Панделески за дополнување на дневниот ред со предлог одлуките по новите точки од дневниот ред што се подготвени за собранието, во хартиена форма им се достапни на акционерите, односно нивните полномошници секој работен ден од денот на објавувањето на ревидираниот дневен ред во простории на Друштвото Новаци - Новачки пат од 9 до 14 часот, а истите им се достапни на акционерите, односно нивните полномошници и на интернет страницата на Друштвото www.zkpelagonija.mk, како и на веб страната на Македонската берза на хартии од вредност ад Скопје.

**ЗК "ПЕЛАГОНИЈА" ад – БИТОЛА**

ЗЕМЈОДЕЛСКИ КОМБИНАТ "ПЕЛАГОНИЈА" БИТОЛА 4 АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО